

# МОНИТОРИНГ

# ОПШТИНИТЕ И БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА



# 1. Вовед и методологија

НВО Инфоцентарот, со партнерските организации Спектар од Крива Паланка, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе, Организација на жени од Струмица, Активо од Велес и Центарот на заедницата на Општина Струга, во периодот октомври – ноември 2023 година, спроведе мониторинг на мерките и активностите што ги преземаат општините за решавање на проблемот со бездомните кучиња и нивниот хуман третман.

Мониторингот опфати осум општини: Куманово, Велес, Струмица, Струга, Крива Паланка, Свети Николе, Лозово и Чашка, а се однесуваше на периодот 2020 – 2023 година. До општините беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер. Добиените податоци и документи беа анализирани, вклучително со мониторинг и анализа на информациите објавени на интернет-страниците на општините. Едновремено, доставивме барања за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за храна и ветеринарство и до општинските судови.

Овој мониторинг се реализира во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

# 2. Општи наоди

Општините преземаат скромни чекори за решавање на напластените проблеми со бездомните кучиња и нивниот (хуман) третман, како и со неодговорното сопственишто на домашни миленици.

Проблемот од година во година е се поголем, но општините се уште немаат системско решение, ниту пак, доволно финансии и капацитети за негово надминување. Некои општини, како на пример, Струга, немаат ниту про-активен пристап за решавање на проблемот и отворено бараат помош од централната власт.

Повеќето од мониторираните општини имаат годишни или повеќегодишни (2023-2025) програми за заштита и третман на бездомните кучиња (што е нивна законска обврска), издвојуваат мали буџетски средства, немаат регистар на бездомни кучиња.

Повеќето општини немаат ниту прифатилиште за бездомни животни. За Вардарскиот плански регион предвидено е до крајот на 2024 година да се изгради регионален центар за згрижување и ветеринарно здравство, кој ќе биде стациониран во Кавадарци. Проектот ќе се реализира преку Вардарскиот плански регион (ВПР), Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за поддршка и развој. Во процес е формирање на јавно претпријатие чии основачи ќе бидат деветте општини од ВПР. Финансиската одржливост на ова јавно претпријатие ќе биде обезбедена преку општините кои ќе ги финансираат идните оперативни трошоци сразмерно со бројот на жители на секоја од вклучените општини.

Заловувањето и третманот на бездомните кучиња се одвива преку економски оператори, избрани на јавен повик. Најчесто има само еден, до најмногу двајца понудувачи. Податоците покажуваат дека во последните четири години расте понудената цена на услугата за заловување и третман на кучињата, и таа е различна за секоја општина. Трошокот за заловување и третман на куче се движи од 1.600, па со до 11.800 денари.

Во речиси сите општини, од општинските буџети се одлеваат сериозни суми за судски трошоци и плаќање отштети за каснување од куче. Во некои општини, ваквите случаи се решаваат вонсудски, преку директна спогодба меѓу каснатите граѓани и градоначалникот.

Што се однесува до исплатените отштети (судски и вонсудски) тие се движат од неколку стотици, па се до десетици илјади евра. Општина Велес, на пример, во периодот од 2019 до 2023 година, потрошила тројно повеќе средства за отштета на каснати граѓани , во споредба со средствата издвоени за решавање на овој проблем. За период од четири и пол години, општина Велес исплатила отштети во висина од вкупно 257.215 евра. Високи суми за отштети се забележани и во Куманово, Струга, Велес.

Активистите за заштита на животните сметаат дека состојбата со бездомните кучиња е лоша и дека тоа се должи главно на отсуството на системско решение, неодговорното сопственишто на домашни миленици,

# 2. Општи наоди

немањето контрола врз популацијата и евиденцијата на домашни и бездомни кучиња, како и отсуството на информативно-едукативни кампањи за граѓаните.

Според ветеринарно-информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), во земјава има речиси 120 илјади микрочипирани кучиња. Податоците од Агенцијата покажуваат дека од година во година, драстично се зголемил бројот на претставки, иницијативи и контроли во општините, од аспект на почитување и спроведување на законските обврски. Во 2019 година, АХВ спровела 8 контроли во општините, додека во 2023 само до 30 септември извршила 113 контроли.

| Година | Број на контроли во општините |
|---|---|
| 2019 | 8 |
| 2020 | 10 |
| 2021 | 81 |
| 2022 | 131 |
| 2023 (до 30 септември) | 113 |



Контролите се прават врз основа на Законот за заштита и благосостојба на животните и на Законот за ветеринарство, а се извршуваат врз основа на работен налог, претставка и/или годишен план.

Агенцијата врз основа на спроведените контроли ги детектира слабостите во општините и им изрекува различни мерки, наредби, вклучително и прекршочни налози. Во периодот 2019 - 2023 година, на општините им се изречени различни мерки и наредби за заловување кучиња, отстранувањеконстатирани недостатоци, изолација и набљудување на кучиња од беснило, неодобрени прифатилишта и др.

Во општините речиси нема информативно-едукативни активности за подигнување на свеста кај граѓаните за ненапуштање на домашните миленици, како и за потребата од хуман третман и вдомување на уличните кучиња.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.1 Куманово

Во Општина Куманово, ако се суди според сумите издвоени за отштета на граѓани каснати од кучиња, може да се констатира дека постои сериозен проблеми со кој локалната самоуправа мора да се справи. Општината, за 4.5 години исплатила близу 36 илјади евра за штети предизвикани од каснување на кучиња.

Во градот постои прифатилиште одобрено од Агенцијата за храна и ветрина, но нема стационар, а општината не спроведува кампањи за вдомување, ниту пак тоа го планира со активностите од новоизработената програма за решавање на проблемот со бездомните кучиња за 2023 - 2025 година. Предвидена е само едукација на јавноста преку радио и ТВ емисии.

Најмногу зачудува тоа што Куманово, како најголема општина во државава, не изготвувала посебни програми за решавање на проблемот со бездомните кучиња за периодот од 2019 до 2022 година. Следствено на тоа, како што ни беше одговорено на нашето барање информации од јавен карактер, не се изработувани ниту извештаи кои треба да се усвојат од страна на советот на општината.

Заловувањето кучиња-скитници и нивното згрижување, претходно биле дел од програмите за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комуналната инфраструктура. Во Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура за 2021 , предвидени биле 1.5 милиони денари за оваа активност, но не добивме податоци за нејзината реализација. Интересно е тоа што истата активност и истата сума се предвидени и во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура за 2023, иако годинава е изготвена повеќегодишна програма за решавање на проблемот со бездомните кучиња и тоа за период од три години (2023-2025).

Општината не достави ниту извештај за реализација на договорите со економскиот оператор, од кои може да се утврди колку средства се потрошени за заловување на бездомни кучиња по години, со образложение дека не располагаат со такви податоци и документација.

Според записниците од извршениот инспекциски надзор, во периодот 2019 - заклучно со мај 2023 година, кои ни беа доставени на увид, дознаваме дека реализирани се вкупно 75 акции, во кои се заловени 779 бездомни кучиња. Но, нема информација колку од нив се стерилизирани, евтанизирани и колку се вратени на локациите каде се пронајдени. Најмногу кучиња биле заловени во 2019 година - вкупно 251. Во просек, месечно се спроведувани по две до три акции на повеќе локации, и тоа најмногу во урбаните средини, но и во руралните населби.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.1 Куманово

Иако немаме целосен увид во активностите и мерките што се преземаат за справување со проблемот со бездомните кучиња, од доставените материјали, може да се заклучи дека Општина Куманово за првпат годинава изготвила програма за решавање на проблемот со бездомни кучиња за периодот 2023 - 2025 година. Во програмата, се проценува дека на територија на општината има околу 200 бездомни кучиња. Месечно се предвидени заловувања на 15 до 20 кучиња или околу 150 до 200 кучиња на годишно ниво.

Годишниот буџет за оваа намена изнесува 1,5 милиони денари (околу 25.000 евра), колку што биле предвидени и во Програмата за уредување градежно земјиште, изградба и одржување на комуналната инфраструктура за 2021 година. Во зависност од потребите, може да се обезбедат и дополнителни средства.

Програмата за 2023-2025 година содржи и детален план за заловување бездомни кучиња, според месеци, локации, број на заловувања и планирани средства за реализација на акциите. Предвидено е овластени лица од општината и комунален инспекор (редар) редовно да вршат контроли во населените места, особено во дворовите на јавните објекти и други фрекфентни локации.

Општината има одлука за комунален ред од 2015 година, со која се регулирани условите за движење на кучињата на јавни површини.

Како економски оператор за заловување на бездомните кучиња, во мониторираниот период, се јавува А.Д. Ветеринарно сточарскиот центар „Тодор Велков“ од Куманово. Вредноста на набавката е под еден милион денари во 2019 и 2020 година, додека од 2021 до 2023 изнесува 1.271.200 денари. Забележителен е голем раст на вкупната единечна цена на услугата, која од 2.371 денари со ДДВ во 2019 година, се зголемува на 11.800 веќе наредната  2020 година. Во следните години, цената се движи главно во овие рамки. Во однос на единечниот третман, најскапа е услугата за стерилизација на женски кучиња, која се движи од 2.800 до 3.300, денари со ДДВ, освен во 2019 година кога цената била иста со стерилизацијата на машки кучиња и многу поефтина, односно чинела само 437 денари.

Во периодот од 2019 до 2023 година (заклучно со мај), според судски решенија, Општина Куманово им исплатила за каснување од куче на оштетени граѓани околу 2.2 милиони денари или близу 36.000 евра. Најмногу средства, околу 1.1 милион денари (близу 18.000 евра) се исплатени во 2022 година. Највисоката исплатена сума изнесува  215.000 со камата или 192.000 без камата, која е исплатена во 2021 година. Исплатата на камата, покрај главницата, е чест случај. Во мал број случаи граѓаните добиеле отштета од околу 100 евра, додека останатите во просек земале од 1.000 до 1.500 евра.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.2 Струмица

Со отворањето на стационарот за бездомни кучиња „Лана“, во Струмица, во 2023 година, бројот на заловени и третирани кучиња бележи огромно зголемување во однос на претходните четири години. Заклучно со октомври 2023 година, заловени се вкупно 474 бездомни кучиња, лекувани (третирани) се 460, стерелизирани се 360, а вдомени се 70 кучиња. Висок е процентот на успиени кучиња. Евтаназирани се 47 или 10% од вкупниот број заловени бездомни кучиња.

Во изминатите години, проблемот со бездомните кучиња бил високо на агендата на општина Струмица. Во 2018 година, Советот на општината усвоил Програма за решавање на проблемот со бездомните кучиња за 2019, а во наредните две години општината не располага со вакви документи, поради подготовките за формирање на регионално јавно претпријатие за заловување бездомни кучиња. Во 2022 година отворен е стационарот за бездомни кучиња „Лана“.

Трошоците за функционирање на ЈП „Лана“ за 2023 година изнесуваат 10 милиони денари и се обезбедени од буџетот на општината, преку програмата за заштита на животната средина.

Трошоците за заловување и третман (лекување и стерелизација) на едно куче на територијата на општината изнесуваат 1.600 денари.

Износот за заловување и третман на куче во други општини е поголем и се движи од 5.000 денари (за престој на кучето во стационарот до 12 дена) до 15.000 денари (за престој од 30 дена). Јавното претпријатие „Лана“ има склучено договор за заловување и третман на кучиња со општините Велес, Гевгелија, Валандово, Демир Капија, Босилово и Ново Село.

Заловувањето и стручниот третман на бездомните кучиња на територијата на општина Струмица од 2018 до 2020 го вршела иста фирма - АД Ветеринарно сточарски центар „Тодор Велков“ од Куманово.

Операторот од Куманово, од јуни 2018 до јуни 2019 година, заловил вкупно 55 кучиња, а општината за оваа услуга исплатила 274.995 денари. Во текот на наредните дванаесет месеци (јуни 2019 – јуни 2020), исплатени се дури 305.710 денари, за само 13 заловени и третирани кучиња. Не е познато на што се должи огромната разлика во износите, затоа што од општината не ги добивме записниците од комуналните инспектори.

Висината на буџетските средства за штета од каснување од кучиња во изминатите четири и пол години варира.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.2 Струмица

Најмногу средства општината исплатила во 2022 година – 190.000 денари, а во 2019 и 2021 не се потрошени пари за оваа намена. За првите четири месеци од 2023 година, од општинскиот буџет, потрошени се 90 илјади денари. За ниту едно каснување од куче нема правосилна пресуда. Средствата се исплатени преку директна спогодба меѓу каснатите граѓани и градоначалникот.

Во 2023 во стационарот „Лана“ имало пет организирани посети на деца од градинки и млади од основни и средни училишта, како и една посета на студенти. „Лана“ досега нема спроведено ниту една кампања за вдомување на животните кои престојуваат во стационарот.

Активистите за заштита на правата на животните сметаат дека состојбата со бездомните кучиња во општина Струмица е непроменета во однос на претходните години. Според нив, вакавата состојба е резултат на немањето контрола врз популацијата и евиденцијата на домашни кучиња, но и немањето кампањи за вдомување на кучиња од стационарот.





# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Велес

Општина Велес, во периодот од 2019 до 2023 година, потрошила тројно повеќе средства за отштета на граѓани каснати од бездомни кучиња, во споредба со средствата издвоени за решавање на овој проблем.

За период од четири и пол години, општина Велес исплатила вкупно 257.215 евра. Најголема сума е платена во 2022 година (95.000 евра). Во првата половина од 2023 година, за отштета на граѓани кои ја тужелеопштината платени се 5.833 евра.

Според податоците добиени од општината, во анализираниот период од 2019 година, заклучно со мај 2023 година, за справување со проблемот со бездомните кучиња потрошени се вкупно 5.189.046 денари. Забележливо е дека општината континуирано го намалува годишниот буџет за оваа намена. Во 2019 година биле предвидени два милиони денари, а годинава за оваа ставка издвоени се само еден милион денари.

Во периодот 2019 – 2023 година (заклучно со мај), медицински се третирани вкупно 407 кучиња, и тоа: најмногу во 2019 година (120), додека најмалку во 2022 година (80). Во првите шест месеци од 2023 година, медицински се третирани 21 бездомни кучиња.

Општината не спроведува кампањи за вдомување на кучиња, и за четири и пол години, на територијата на Велес биле вдомени само 36 кучиња. Најмногу кучиња биле вдомени во 2019 година, вкупно 20, додека во 2022 година не било вдомено ниту едно куче.

Во изминатите четири години, на тендерот што го распишува општината, за избор на економски оператор кој ќе врши хуман третман на бездомните кучиња, континуирано се јавува само една фирма - Занаетчија пансион за кучиња „Гиовски Тим“. За прв пат оваа година, „Гиовски Тим“ доби конкуренција и како најповолен понудувач беше избрано јавното претпријатие „Лана“ од Струмица, која понуди цена од 8.110 денари за заловено и медицински третирано бездомно куче. Во градот Велес нема стационар и заловените кучиња се носат во „Лана“ два пати месечно, а потоа се враќаат на местото на кое биле заловени на територијата на општината.

Според член 60 од Законот за заштита и благосостојба на животните, општинските комунални инспектори имаат овластување да вршат контроли кај неодговорни сопственици кои ги напуштаат своите миленици и придонесуваат за зголемување на бројот на бездомни животни. Од општина Велес велат дека комуналниот инспектор не изготвува извештаи за бездомните кучиња и дека тоа го прави друг орган на општината. Општината не ни ги достави бараните извештаи.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.3 Велес

Во Вардарскиот плански регион предвидено е до крајот на 2024 година да се изгради регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство, кој ќе биде стациониран во Кавадарци. Проектот ќе се реализира преку Вардарскиот плански регион (ВПР), Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за поддршка и развој. Во процес е формирање на јавно претпријатие чии основачи ќе бидат деветте општини од ВПР. Финансиската одржливост на ова јавно пртпријатие ќе биде обезбедена преку општините кои ќе ги финансираат идните оперативни трошоци на претпријатието сразмерно со бројот на жители на секоја од деветте општини во регионот.

Најактивно здружение за заштита на животните  на територијата на Велес е „Гласот на животните“, од каде предлагаат повеќе мерки за решавање на проблемот со бездомните кучиња. Активистите бараат казни за напуштени миленици, акција за масовно чипирање на домашни миленици и нивна стерилизација, како и едукација на населението за третман на милениците, бидејќи бројот на бездомни кучиња дополнително се зголемува поради несовесни и неодговорни сопственици.





# 3. Клучни наоди по општини

## 3.4 Струга

Во последните неколку години бројот на бездомни кучиња во општина Струга постојано се зголемува, а се зголемува и бројот на нападнати и каснати граѓани. Ваквата алармантна состојба резултира со нарушена безбедност на жителите на општината кои сметаат дека справувањето со бездомните кучиња и нивниот хуман третман е еден од најголемите локални приоритети.

**Број на каснувања од кучиња по години**

| 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 (до мај) |
|---|---|---|---|---|
| 6 каснувања | 18 каснувања | 15 каснувања | 34 каснувања | 26 каснувања |



Наспроти ваквите барања и очекувања на граѓаните, локалната власт нема никакво системско решение за овој проблем. Општината нема проактивен однос, а потврда за ова е фактот дека таа нема донесено ниту програма за контрола на популацијата на бездомните кучиња, што е нејзина законска обврска.

Локалната власт истакнува дека за решавање на овој проблем потребни се многу средства кои општината ги нема, како што нема ниту соодветни капацитети и смета дека овој проблем треба да го решава централната власт. Во почетокот на 2023 година, општината подготвила проектно решеније за изградба на стационар за згрижување на кучињата и побарала помош од Владата за негова изградба.

Во 2019 и 2020 година, со одлука на Советот на општина Струга, јавното претпријатие „Комунално Струга“ имало обврска да заловува бездомни кучиња, но активноста не била реализирана заради недостиг од финансии. Во 2022 година, Советот изгласал иницијатива за формирање посебно тело кое ќе се справува со проблемот, но досега не се забележани никакви активности.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.4 Струга

Како ад хок решение, општината од буџетот за 2023 година, за првпат доделила финансиски средства во износ од 600 илјади денари, од програмата за животна средина и склучила договор со ветеринарна компанија за згрижување на бездомните кучиња. Договорот е со траење од една година од денот на потпишување, односно до февруари 2024 година. Единечната цена за заловување и чување на регистрираните и нерегистрираните кучиња со ДДВ од ден е 295 денари. Иако не постои регистар за бројот на бездомни кучињата, компанијата ѝ рапортира на општината секој месец за бројот на заловени, вакцинирани и згрижени улични кучиња.

Според извештајот за февруари 2023 година, економскиот оператор задолжен за заловување на кучињата, веднаш по склучување на договорот на централното подрачје на општина Струга заловил 13 нерегистрирани кучиња, кои биле трансферирани во прифатилиште и по добиениот третман биле регистрирани, чипирани и вратени на улица. Во записниците од март годинава, се наведува дека екипата на економскиот оператор заловила 22 нерегистрирани кучиња кои се однесени во прифатилиште за натамошен третман.

Според податоците кои ги добивме од Основен Суд - Струга, за периодот кој го истражуваме донесени се вкупно 12 пресуди за каснување и напад од куче, од кои 7 се против јавното претпријатие „Комунално Струга“, а 5 се против општина Струга и јавното претпријатие „Комунално Струга’.

Од донесените 12 пресуди, во 11 случаи судот делумно ги усвоил тужбените барања и ги задолжил општината и комуналното претпријатие да исплатат нематеријална штета. Само во еден случај, судот пресудил во корист на општината и јавното претпријатије преку одбивање на тужбата како неоснована.

Во 2019 и 2020 година, против јавното комунално претпријатие поднесени се 4 тужби и врз таа основа  исплатени се 536.196 денари за штета од каснување. Во 2021 година, кон општина Струга има 3 тужби, две се во процедура а за таа што е завршена, надоместот се уште не е исплатен.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.5 Крива Паланка

Општина Крива Паланка нема регистар за евиденција на бездомни кучиња и во периодот од 2019 до 2023 година, не реализирала ниту една кампања за вдомување. Општината нема ниту интернет сервис за објавување на бројот на заловените животни и поттикнување на вдомувањето, иако сите овие активности редовно се планираат во годишните програми за ефикасно решавање на проблемот со бездомните кучиња.

За периодот 2019 – 2022 година реализиран е речиси целиот буџет, односно од предвидените 1.570.000 денари, општината платила вкупно 1.545.971 денари за извршените услуги за заловување и третман на бездомните кучиња. Извршител на услугата е АД Ветеринарно сточарски центар „Тодор Велков“ одКуманово, кој во најголем број случаи се јавува како единствен понудувач или има најповолна/најевтина понуда.

Во анализираниот период, од година во година, буџетските средства се зголемуваат, па така од 250.000 денари во 2019 година, планираните средства за заловување и третирање на бездомни кучиња нараснале на 720.000 денари во 2023 година.

Податоците покажуваат дека со текот на годините, расте и понудената цена на услугата за заловување и третман на кучињата, а интересно е што има и флуктуација на цената за многу краток временски период. Понудената цена се движи од 7.150 во 2019 година, па се до последната од 8.605 денари во март 2023 година.

Паралелно со зголемување на средствата евидентно е дека општината го зголемува и бројот на планирани заловувања на бездомните кучиња. Од само 35 заловувања во 2019 година, во 2023 година планирано е да се заловат 120 кучиња, што покажува дека нивниот број од година в година се зголемува. Интересно е што сите заловувања се извршени по претходни пријави и барања (писмени и усмени) на граѓани и други засегнати страни.

Годишно се спроведуваат повеќе акции што резултира со соодветен третман на бездомните кучиња и поголема контрола врз нив. Во периодот од 2019, до мај 2023 година реализирани се вкупно 34 акции за заловување и третман на бездомните кучиња. Најмногу акции, вкупно 13, се спроведени во 2022 година, додека годинава, заклучно со 31 мај спроведена е само една акција во која се заловени 5 бездомни кучиња. Од општината велат дека тоа е резултат на интензивирањето на активностите во втората половина од претходната годината. Акциите се спроведени, и во урбаниот дел и во руралните средини, главно погусто населените населби, лоцирани поблиску до магистралниот пат како Конопница, Мождивњак, Жидилово и Узем, каде е забележано и најголемо присуство на кучињата скитници.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.5 Крива Паланка

Како најкритични се наведуваат населбата „Единство“ во градското подрачје каде речиси секое семејство чува куче, но тие не се вакцинирани и не се контролирани. Останатите локации се селата Конопница и Мождивњак, каде подмладокот од семејните кучиња се носи на градската депонија и натаму неконтролирано се рамножува.

Според податоците добиени од Општина Крива Паланка, во 2019 година постоел поголем интерес кај граѓаните за вдомување бездомни кучиња, кога биле вдомени 30% од 65 заловени кучиња. Во 2023 година регистриран е само еден случај на вдомување.

Истовремено, она што особено се издвојува при анализата на општинските податоци е високиот процент на еутанизирани кучиња. За периодот 2019-2022 година од предвидените 255 бездомни кучиња заловени се вкупно 238 кучиња, а дури 38% се еутанизирани поради болест и агресивност.

Во периодот од 2019 до 2023 година, Општина Крива Паланка исплатила вкупно 356.330 денари за 4 вонсудски спогодби за каснување од кучиња. Единечните трошоци за надомест на штетата се движат од 61.000 до 100.000 денари.

Комуналните инспектори не изготвуваат извештаи за спроведени контроли на бездомни кучиња. Од општината велат дека не постои таква законска обврска. Сите случаи на бездомни кучиња се пријавуваат кај надлежно лице во општината кое ги евидентира, но извештаи се подготвуваат исклучиво за програмите за решавање на проблемот со кучињата скитници што ги подготвува одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Според новиот урбанистички план предвидена е изградба на стационар за бездомни кучиња кај градската депонија во село Конопница.



# 3. Клучни наоди по општини

## 3.6 Свети Николе

Општина Свети Николе, како и сите општини во Република Северна Македонија има законска обврска да воспостави систем за контрола на бездомните кучиња. За таа цел, Општината донела план и програма за контрола на популацијата бездомни кучиња во периодот 2023-2025 година.

Програмата и планот определуваат мерки и активности кои треба да се преземат зада се воспостави ефикасна контрола и заштита на бездомните кучиња. Предвидени се активности и мерки за хуман третман и тоа, заловување, транспорт до прифатилиштето, прием и преглед од ветеринар, евентуална евтаназија во согласност со законот и прописите од областа на ветеринарство, како и едукација и подигнување на свеста кај населението.

Советот на општина Свети Николе уште во 2012 година, со одлуката за куќниот ред предвидел хуман третман на кучињата преку собирање, згрижување, стерилизирање, вакцинирање и евтаназија на болни кучиња. Целта на оваа одлука била да се зачува здравјето на населението, да се отстранат изворите на заразни заболувања, да се спречат економски штети и да се унапредат хигиенските услови во урбаните средини.

Општина Свети Николе нема прифатилиште за бездомни животни. Во моментов, општината финансиски учествува во изградбата на прифатилиштето за кучиња во Вардарскиот плански регион, кое се гради во Кавадарци и ќе го опслужува целиот регион.

Општината, во јануари 2023 година, преку тендер избрала фирма за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Свети Николе и нивно згрижување. Вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ е 500 илјади денари и важи за период од една година, а услугата ја извршува АД Ветеринарно-сточарскиот центар „Тодор Велков“ од Куманово.

Програмата за 2023 година предвидува на територијата на општина Свети Николе да се заловат и третираат околу 60 кучиња, по претходна пријава од страна на граѓани. Според информациите од Општината, во првата половина од 2023 година, заловени се вкупно 24 кучиња, 16 се стерилизиарни, 6 се евтанизирани, а ниту едно куче не е вдомено.

Во 2022 година биле регистрирани 5 пријави од граѓани за каснување од улични кучиња. Нема судски пресуди бидејќи случаите се решени спогодбено по барање од страна на оштетените лица и за сите пет случаи исплатена е вкупна сума од 40 илјади денари.

Одговорното лице во Општината одговори дека делуваат по пријави на граѓани, конкретно добиле пријави од граѓани кои живеат на улица „Карпошева“ во Свети Николе и пријава од жителите на село Ерџелија.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.7 Лозово

Општина Лозово заедно со другите општини во Република Северна Македонија има законска обврска да воспостави систем за контрола на популацијата бездомни кучиња. Општината на почетокот на 2023 година донела план за заштита и благосостојба на животните, како и програма за заштита и благосостојба на животните. Главна цел на планот е ефикасно, одговорно, хумано и трајно надминување на проблемот, со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи прилив од нови кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници подразбираат заловување на кучињата, транспорт до прифатилиште, прием и преглед од ветеринар, лабораториски испитувања за заразни болести, микрочипирање, евтаназија, едукација и подигнувањена јавната свест кај населението.

Општина Лозово нема прифатилиште за бездомни животни и не постојат регистрирани здруженија за заштита на животни.
Општината има склучено Договор за деловна соработка за заловување на кучињата скитници со АД Ветеринарно сточарски центар „Тодор Велков" од Куманово. Фирмата ги заловува кучињата скитници, ги третир и ги сместув во прифатилиште во Куманово.

По целосно испитување и чипирање, заловените кучиња се враќаат на местото од каде што се заловени.

Вредноста на договорот за заловување на кучињата скитници без вклучен ДДВ изнесува 50 иљади денари и важи за период од една година, а заловувањето се врши по претходно барање од овластено лице назначено од Општина Лозово.

Општина Лозово, во март 2023 година, донела одлука за утврдување на финансискиот трошок на товар на општина Лозово за функционирање на регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство и негово идно работење во Вардарскиот плански регион. Девет општини од Вардарскиот регион ќе обезбедуваат средства за финансиска одржливост на центарот, во согласност со бројот на жители на секоја општина. Општина Лозово, во 2023 година, ќе учествува со 97.918 денари.

Во октомври 2023 година, Советот на општината донела одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово за основање заедничко јавно претпријатие за згрижување бездомни миленици, за обезбедување заштита и благосостојба на бездомни и напуштени животни на територијата на општините.

# 3. Клучни наоди по општини

## 3.8 Чашка

Според проценките на Општината, на територијата на Чашка има 120 бездомни кучиња. Локалната власт неколку години station наназад се обидува да го реши проблемот со бездомните кучиња, но овој проблем никогаш не бил вграден во приоритетите на општината. За прв пат во 2023 година, Советот на Општина Чашка усвои рrограма за заштита и благосостојба на животните. Исто така, усвоен е и повеќегодишен план и програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Чашка.

Комуналните инспектори не изготвуваат извештаи за контрола на бездомните кучиња, ниту пак водат евиденција за реализација на програмата за решавање на проблемот со уличните кучиња. Во анализираниот период, од 2019 до мај 2023 година, општината склучила договори со економски оператори за хуман третман на бездомни кучиња само во две години. Во 2019 и 2023 година, тендерот го добила фирмата „Занаетчија пансион за кучиња Гиовски тим". Во останатите години не е спроведена јавна набавка. Во 2019 година, за оваа намена биле предвидени 354.000 денари. На повикот се пријавиле двајца понудувачи од кои избрана е пониската понуда на „Занаетчија пансион за кучиња Гиовски тим" во износ од 5.400 денари по заловено бездомно куче. Од вкупната сума за 2019 година, искористени биле 210.630 денари, или близу 59.5% од предвидените средства.

Во 2023 година, вкупната јавна набавка се намалува за 18% во однос на 2019 година и изнесува 300.000 денари. На тендерот се пријавува еден понудувач „Занаетчија пансион за кучиња Гиовски тим". Но, за разлика од 2019 година, драстично се зголемува цената за заловено куче, односно таа изнесува 9600 денари што е за 43 % повисока во споредба со 2019 година. Според податоците од општината, до мај 2023 година избраната фирма нема реализирано ниту една акција за заловување и хуман третман на бездомни кучиња. Од Општината одговорија дека не поседуваат записници за извршени акции од економскиот оператор, во периодот од 2019 година до мај 2023 година.

Општина Чашка има одлука за комунален ред, донесена во 2011 година и таа не е усогласена со член 60 од Законот за заштита и благосостојба на животните (донесен во 2014 година), каде е наведено дека и општинските комунални инспектори имаат овластување да вршат контроли кај неодговорни сопственици кои ги напуштаат своите миленици и на некој начин придонесуваат за зголемување на бројот на бездомни животни.

Според податоците кои ги добивме, во општина Чашка, за периодот од 2019 до мај 2023 година, исплатени се 50.000 денари за отштета од каснување од улично куче. Лани имало две пријави за каснување од улични кучиња, за кои судските постапки се во тек.

Општината нема спроведено кампања за промоција на посвојувањето бездомни кучиња.





# 3. Заклучоци и препораки

Мониторингот покажа дека бездомните кучиња се горлив проблем со кој општините се соочуваат и мора да се справуваат секојдневно. Очигледна е итната потреба од системско решение, кое се уште не е на повидок, ниту на локално, ниту на национално ниво.

Општините немаат доволно капацитети и финансии ефикасно да го решаваат проблемот. Поголемиот дел немаат ниту стационар односно прифатилиште, ниту регистар на бездомните кучиња. Регионалните прифатилишта, каков што се планира во Вардарскиот плански регион, се можно ефикасно решение за стационирање и соодветен третман на бездомните кучиња.

Заловувањето, чипирањето и третманот на кучињата во општините, во моментов, го спроведуваат оператори избрани на јавен повик, кои постојано ја зголемуваат цената на услугите што ги нудат. Општините треба да воспостават и применуваат ефикасни и функционални механизми за отчетност на операторите, но и механизми за контрола на нивната работа и постигнатите резултати.





# 3. Заклучоци и препораки

Бројот на бездомни кучиња во општините се зголемува, но се зголемува и бројот на каснати граѓани кои бараат отштета од надлежните институции (општините, јавните претпријатија, операторите). Некои општини издвојуваат десетици илјади евра за судски трошоци и отштети. Наместо да се занимаваат со последиците, локалните власти мора поактивно и поангажирано да ги користат општинските пари и капацитети за решавање на постојниот проблем, но и за превенција.

Потребни се ефикасни и хумани мерки за контрола на популацијата на бездомни кучиња, кои ќе овозможат здравствена заштита и безбедност како за населението, така и за животните. Општините треба да вложуваат во постојани информативно-едукативни активности за подигнување на свеста кај граѓаните за одговорно сопственииштво, за важноста на регистрацијата, стерилизацијата и вакцинацијата на домашните кучиња, за ненапуштање на милениците, како и за потребата од хуман третман и вдомување на уличните кучиња. За оваа цел, нужна е засилена соработка меѓу општините, стационарите, операторите и активистите за заштита на правата на животните.